**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ,**
**ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ**
**„ХАНС ЕМ"**
ул. 16-та Македонска Бригада бр. 1, 1000 Скопје
деканат 071356241; студентски прашања 075258119;
www.sf.ukim.edu.mk

**Бр.02-329/8**
**30.9.2020 година**

Врз основа на 110 став 1 точка 12 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 82/2018), член 58 од Статутот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем" во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 467/2019), а врз основа на поднесеното барање од претседателот на Факултетското студентско собрание заведено под број 26-330/1 од 23.9.2020 година, Наставно научниот совет на својата 15 (петнаесетта) редовна седница одржана ден 30.9.2020 годинаа, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за одобрување на дополнителна испитна сесија во академската 2020/2021 за студентите на Факултетот за шумарски науки, пејзажно дизајнирање и екоинженеринг „Ханс Ем"

**I. СЕ ОДОБРУВА** дополнителна испитна сесија во зимскиот семестар која ќе трае од 9-ти до 13-ти ноември 2020 година и дополнителна испитна сесија во летниот семестар која ќе трае од 5-ти до 9-ти април 2021 година.
Пријавувањето за испит во дополнителната испитна сесија во зимскиот семестар ќе се врши од 2-ри до 4-ти ноември 2020 година а во дополнителната испитна сесија во летниот семестар ќе се врши од 29-ти до 31-ви март 2021 година.
**II.** Во дополната испитна сесија во зимскиот семестар испит можат да пријават и полагаат студенти кои студираат според студиски програми од 2013 г., а можат да пријават и полагаат максимум два предмети кои ги слушале во летниот семестар од академската 2019/2020 година, доколку во актуелниот зимски семестар (2020/2021г.) имаат запишано предмети со вкупен број кредити не повеќе од 20;
**III.** Во дополнителата испитна сесија во летниот семестар испит можат да пријават и полагаат студенти кои студираат според студиски програми од 2013 г., а можат да пријават и полагаат максимум два предмети кои ги слушале во зимскиот семестар од академската 2020/2021 година, доколку во актуелниот летен семестар (2020/2021г.) имаат запишано предмети со вкупен број кредити не повеќе од 20;
**IV**. При пријавувањето на испитите студентите треба задолжително да приложат пријава со уплатен надоместок во износ од 500,00 денари за полагање на испит во дополнителната испитна сесија, а ако го пријавуваат испитот по втор пат дополнително доплаќаат 300,00 денари.
**V**. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Доставено до:**
- архива,
- продекан за настава,
- студентски прашања,
- огласна табла,
- веб страна на факултетот,
- секретар

**Декан**

**проф. д-р Кирил Сотировски**